ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СПИ Бр./Nr. 2/2021
18.02. 2021 год./v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ СУ.бр. 7/21
19.02. 2021 година
Кратово

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. „Крсте Мисирков“ бр. 8, 1000 Скопје - тел.02/3136-044 - факс.02/3237-538 - info@vsrm.mk

**СПИ.бр.2/2021**
**18.02.2021**

**До: Основен суд**

---

**ПРЕДМЕТ: Препраќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер СПИ.бр.2/2021 од 16.02.2021 година.**

До Врховниот суд на Република Северна Македонија, [redacted], поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под СПИ.бр.2/2021 од 16.02.2021 година.

По запознавање со содржината на барањето, Врховниот суд на Република Северна Македонија констатира дека барањето се однесува на податоци во врска со кривичното дело Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија (чл.206 од Кривичниот законик), при што се бараат податоци за секој Основен суд поодделно и за секој месец од 2020 година, поодделно. Со оглед дека Врховниот суд на Република Северна Македонија не располага со бараната информација а според содржината на барањето, иматели на информациите од јавен карактер кои ги бара подносителот се основните судови, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/2019 година), Ви го препраќаме барањето заведено под СПИ.бр.2/2021 од 16.02.2021 година, на Ваша надлежност.

Прилог:Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

ВРХОВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
м-р Снежана Димитровска

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ бр. 7 / 21-2
19.02.2021 година
Кратово

ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
примено на ден 16.02. 2021 год.
marrë më viti
со ... прилози
me shtesa СПИ-2/21
вршоавал, доставник / punëtor përgjegjës

( Образец ПП……)

**До:**
**Врховниот суд**
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:**
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник бр. 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Во врска со кривичното дело Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија (чл. 206 од Кривичниот законик), Ве молам да ми ги доставите следниве податоци за 2020 година:

| одбивателна пресуда | | | ослободителна пресуда | | | осудителна пресуда | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| физичко лице | | правно лице | физичко лице | | правно лице | физичко лице | | правно лице |
| машки пол | женски пол | | машки пол | женски пол | | машки пол | женски пол | |
| ? | ? | ? | ? | ? | ? | ? | ? | ? |

Во однос на осудените лица, Ве молам да ми се доставаат податоци за видот на санкцијата.

Притоа, Ве молам податоците да бидат:
- за секој Основен суд пооделно и
- за секој месец од 2020 пооделно.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил katerina.krstevska@gmail.com**
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 16.02.2021 година**

**Потпис**
[redacted]

Вкупно 20

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.7/21-2
19.02.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Од страна на Врховниот суд на РСМ до Основен суд Кратово е препратено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер со цел да ви одговориме како надлежен суд за одговор на истото.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка ви ги доставуваме следните информации:

Во Основен суд Кратово во текот на 2020 година има заведено вкупно 20 предмети во врска со кривичното дело Непостапување сород здравствените прописи за време на епидемија (чл.206 од КЗ) и по истите нема донесено ниту една одбивателна и ослободителна пресуда, односно сите се осудителни пресуди. За истите Ви ги доставуваме податоците во следната табела:

| Ред. бр. | Број на предмет | Месец кога е примен во судот | Месец кога е решен-правосилно | Обвинет - пол | Вид на одлука | санкција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | К-20/20 | Април | Јули | Машки | Осудителна | Условна – 200€ за 1 год. |
| 2. | К-24/20 | Април | Мај | Машки | Осудителна | Парична казна 1000€ |
| 3. | К-31/20 | Мај | Јуни | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 4. | К-32/20 | Мај | Јуни | Машки | Осудителна | Парична казна - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1000€ |
| 5. | К-43/20 | Јуни | Јули | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 6. | К-22/20 | Април | Август | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 7. | К-38/20 | Јуни | Јули | Женски | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 8. | К-16/20 | Април | Мај | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 9. | К-21/20 | Април | Мај | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 10. | К-39/20 | Јуни | Јули | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 11. | К-19/20 | Април | Септември | Машки | Осудителна | Условна-200€ за 1г. |
| 12. | К-23/20 | Април | Јули | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 13. | К-17/20 | Април | Август | Машки | Осудителна | Условна-1000€ за 2г. |
| 14. | К-18/20 | Април | Август | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 15. | К-35/20 | Мај | Октомври | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 16. | К-25/20 | Мај | Октомври | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 17. | К-28/20 | Јули | Септември | Машки | Осудителна | Условна-300€ за 1г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | К-44/20 | Јуни | Октомври | Машки | Осудителна | Условна-200€ за 1г. |
| 19. | К-41/20 | Јуни | Јуни | Машки | Осудителна | Парична казна - 1000€ |
| 20. | К-27/20 | Мај | Септември | Машки | Осудителна | Условна-400€ за 1г. |

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово